# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **04. 12 .2015 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 11 – 2015 год.**

Декември 2015

Врз основа на член 78 став 5, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13 и 42/14) и член 21, став 1 од Статутот на општина Македонски Брод, а во врска со член 22, став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник бр.05/02), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на 27 ноември 2015 година, донесе :

**О Д Л У К А**

**За утврдување на услови за начинот на градење во село Требовље,**

**општина Македонски Брод за кое нема урбанистички план**

Член 1.

Општиот акт за село Требовље, општина Македонски Брод се изготвува согласно Годишната програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2015 година со бр. 07-889/23 од 27.11.2014 година, донесена од Советот на општината Македонски Брод (Службен гласник на Општина Македонски Брод бр. 11/2014 год.)

Член 2.

Предлог - Одлуката е одобрена од Комисијата назначена со решение број 09-90/1 од 20.01.2015 година од Градоначалникот на општина Македонски Брод и за истата е добиена Согласност од Министерство за транспорт и врски со број 25-15030/2 од 11.11.2015 година.

Член 3.

Предлог – Одлуката за Општ акт за село Требовље, општина Македонски Брод е изготвена од правно лице БИЛД од Скопје кое поседува лиценца согласно член 18 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

Член 4.

Општиот акт за село содржи, текстуален дел - Предлог Одлука , нумерички дел – табеларен приказ на планираните содржини издвоени по површина и намена на земјиштето и графички прилози :

1. Пошироко опкружување и сообраќајна поврзаност......................................1:25000
2. Граница на плански опфат и намена на земјиштето......................................1:2500
3. Дигитализирани архивски оригинали на катастарски планови......................1:2500

ѝ

Член 5.

Графичкиот прилог од општиот акт е изработен на заверен дигитализиран катастарски план.

Член 6.

Со Одлуката за Општ акт за село Требовље, Општина Македонски Брод се утврдува граница на плански опфат на село Требовље со вкупна површина од 20,4 ха. Границата на селото графички и текстуално е опишана со дефинирани координати на сите прекршни точки.

Планскиот опфат лежи на територијата која како крајни точки ги има следните координати:

| N | X | Y |
|---|---|---|
| 1 | 511218,377 | 623507,088 |
| 2 | 511248,091 | 623508,133 |
| 3 | 511271,254 | 623510,102 |
| 4 | 511284,095 | 623497,035 |
| 5 | 511292,341 | 623500,799 |
| 6 | 511296,1324 | 623512,7433 |
| 7 | 511303,226 | 623516,804 |
| 8 | 511317,258 | 623523,793 |
| 9 | 511329,702 | 623530,978 |
| 10 | 511331,184 | 623531,294 |
| 11 | 511331,507 | 623532,904 |
| 12 | 511349,841 | 623542,423 |
| 13 | 511362,78 | 623550,904 |
| 14 | 511363,427 | 623548,107 |
| 15 | 511384,202 | 623542,201 |
| 16 | 511436,259 | 623524,051 |
| 17 | 511445,089 | 623521,215 |
| 18 | 511452,201 | 623518,026 |
| 19 | 511458,5045 | 623516,7083 |
| 20 | 511462,811 | 623515,808 |
| 21 | 511467,293 | 623515,496 |
| 22 | 511476,86 | 623527,152 |
| 23 | 511482,896 | 623524,634 |
| 24 | 511489,743 | 623540,754 |
| 25 | 511504,435 | 623556,047 |
| 26 | 511518,735 | 623572,583 |
| 27 | 511522,505 | 623579,254 |
| 28 | 511523,011 | 623583,53 |
| 29 | 511540,736 | 623579,027 |
| 30 | 511550,286 | 623580,652 |
| 31 | 511558,843 | 623584,403 |
| 32 | 511584,826 | 623609,352 |
| 33 | 511598,599 | 623621,904 |
| 34 | 511619,41 | 623635,133 |
| 35 | 511621,843 | 623651,615 |
| 36 | 511621,945 | 623653,91 |
| 37 | 511633,045 | 623671,822 |
| 38 | 511617,061 | 623686,674 |
| 39 | 511610,131 | 623689,63 |
| 40 | 511599,66 | 623700,229 |
| 41 | 511594,39 | 623706,516 |
| 42 | 511579,374 | 623724,011 |
| 43 | 511577,672 | 623732,589 |
| 44 | 511580,89 | 623745,016 |
| 45 | 511597,2402 | 623766,677 |
| 46 | 511605,671 | 623756,803 |
| 47 | 511610,559 | 623759,674 |
| 48 | 511638,552 | 623755,428 |
| 49 | 511664,076 | 623765,877 |
| 50 | 511670,726 | 623753,993 |
| 51 | 511703,394 | 623757,311 |
| 52 | 511724,425 | 623768,872 |
| 53 | 511730,276 | 623782,549 |
| 54 | 511743,25 | 623793,43 |
| 55 | 511740,799 | 623800,9 |
| 56 | 511740,426 | 623813,194 |
| 57 | 511760,721 | 623805,003 |
| 58 | 511782,797 | 623776,421 |
| 59 | 511783,825 | 623797,502 |
| 60 | 511795,414 | 623820,526 |
| 61 | 511796,716 | 623824,052 |
| 62 | 511799,158 | 623828,714 |
| 63 | 511789,264 | 623835,09 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 64 | 511779,0644 | 623825,333 | 108 | 511411,835 | 624053,49 |
| 65 | 511768,246 | 623817,206 | 109 | 511401,797 | 624037,552 |
| 66 | 511758,518 | 623819,151 | 110 | 511397,039 | 624030,99 |
| 67 | 511747,419 | 623833,435 | 111 | 511387,186 | 624019,59 |
| 68 | 511740,587 | 623845,048 | 112 | 511378,489 | 624022,42 |
| 69 | 511735,012 | 623849,344 | 113 | 511369,346 | 624012,562 |
| 70 | 511731,815 | 623848,207 | 114 | 511364,472 | 623994,406 |
| 71 | 511680,768 | 623847,426 | 115 | 511356,671 | 623991,392 |
| 72 | 511656,925 | 623846,098 | 116 | 511350,087 | 623987,752 |
| 73 | 511642,024 | 623848,589 | 117 | 511343,387 | 623991,364 |
| 74 | 511627,117 | 623851,312 | 118 | 511352,631 | 623962,662 |
| 75 | 511617,932 | 623852,669 | 119 | 511351,706 | 623950,177 |
| 76 | 511610,113 | 623858,062 | 120 | 511347,973 | 623940,761 |
| 77 | 511593,662 | 623869,272 | 121 | 511344,139 | 623935,838 |
| 78 | 511584,879 | 623878,227 | 122 | 511351,472 | 623927,696 |
| 79 | 511581,233 | 623881,806 | 123 | 511355,973 | 623923,951 |
| 80 | 511578,565 | 623885,636 | 124 | 511359,348 | 623920,904 |
| 81 | 511572,363 | 623895,027 | 125 | 511354,573 | 623907,913 |
| 82 | 511558,662 | 623916,738 | 126 | 511352,228 | 623903,883 |
| 83 | 511550,514 | 623909,751 | 127 | 511351,065 | 623900,755 |
| 84 | 511517,442 | 623935,272 | 128 | 511342,882 | 623891,274 |
| 85 | 511491,405 | 623953,252 | 129 | 511335,607 | 623883,75 |
| 86 | 511499,314 | 623965,766 | 130 | 511331,994 | 623877,997 |
| 87 | 511496,027 | 623983,018 | 131 | 511329,941 | 623876,736 |
| 88 | 511493,986 | 623998,484 | 132 | 511326,79 | 623882,8 |
| 89 | 511494,667 | 624015,196 | 133 | 511315,361 | 623872,859 |
| 90 | 511518,161 | 624006,343 | 134 | 511313,323 | 623855,376 |
| 91 | 511536,263 | 623997,967 | 135 | 511309,927 | 623842,615 |
| 92 | 511551,098 | 623998,979 | 136 | 511307,737 | 623832,123 |
| 93 | 511590,166 | 624015,868 | 137 | 511301,345 | 623829,415 |
| 94 | 511563,942 | 624043,027 | 138 | 511292,494 | 623817,615 |
| 95 | 511547,183 | 624072,888 | 139 | 511289,382 | 623810,731 |
| 96 | 511538,636 | 624084,577 | 140 | 511288,817 | 623803,1752 |
| 97 | 511529,282 | 624075,423 | 141 | 511287,963 | 623799,871 |
| 98 | 511514,7454 | 624076,075 | 142 | 511285,477 | 623798,719 |
| 99 | 511510,177 | 624074,98 | 143 | 511282,761 | 623797,987 |
| 100 | 511506,109 | 624078,216 | 144 | 511279,864 | 623797,472 |
| 101 | 511493,083 | 624075,186 | 145 | 511277,527 | 623803,035 |
| 102 | 511481,873 | 624074,921 | 146 | 511273,624 | 623810,713 |
| 103 | 511474,597 | 624081,7 | 147 | 511270,413 | 623814,426 |
| 104 | 511470,042 | 624077,772 | 148 | 511264,448 | 623817,134 |
| 105 | 511446,902 | 624072,192 | 149 | 511258,412 | 623816,528 |
| 106 | 511423,19 | 624062,614 | 150 | 511254,715 | 623844,695 |
| 107 | 511417,497 | 624058,746 | 151 | 511256,872 | 623851,483 |

| | | |
|---|---|---|
| 152 | 511263,836 | 623870,36 |
| 153 | 511261,73 | 623887,68 |
| 154 | 511263,446 | 623897,851 |
| 155 | 511268,652 | 623905,383 |
| 156 | 511255,88 | 623904,587 |
| 157 | 511254,581 | 623889,927 |
| 158 | 511244,9403 | 623879,047 |
| 159 | 511223,139 | 623855,929 |
| 160 | 511219,071 | 623848,49 |
| 161 | 511215,96 | 623838,27 |
| 162 | 511208,61 | 623838,149 |
| 163 | 511191,19 | 623838,796 |
| 164 | 511186,399 | 623839,079 |
| 165 | 511182,881 | 623825,265 |
| 166 | 511175,112 | 623819,102 |
| 167 | 511168,59 | 623817,655 |
| 168 | 511160,379 | 623818,97 |
| 169 | 511152,213 | 623822,69 |
| 170 | 511143,507 | 623814,592 |
| 171 | 511141,586 | 623809,221 |
| 172 | 511131,522 | 623823,326 |
| 173 | 511123,195 | 623827,954 |
| 174 | 511118,824 | 623831,74 |
| 175 | 511116,469 | 623837,951 |
| 176 | 511116,5891 | 623840,607 |
| 177 | 511110,225 | 623840,607 |
| 178 | 511105,104 | 623838,887 |
| 179 | 511104,72 | 623821,804 |
| 180 | 511106,058 | 623808,123 |
| 181 | 511086,765 | 623807,028 |
| 182 | 511087,84 | 623799,197 |
| 183 | 511087,657 | 623790,283 |
| 184 | 511089,79 | 623780,824 |
| 185 | 511088,855 | 623779,84 |
| 186 | 511084,937 | 623772,844 |
| 187 | 511086,941 | 623752,988 |
| 188 | 511090,934 | 623747,381 |
| 189 | 511092,784 | 623743,232 |
| 190 | 511094,264 | 623736,571 |
| 191 | 511085,66 | 623708,548 |
| 192 | 511095,587 | 623704,525 |
| 193 | 511097,62 | 623701,732 |
| 194 | 511089,958 | 623681,155 |
| 195 | 511081,489 | 623667,249 |
| 196 | 511065,116 | 623671,624 |
| 197 | 511050,657 | 623679,523 |
| 198 | 511043,934 | 623677,624 |
| 199 | 511037,898 | 623674,689 |
| 200 | 511034,081 | 623667,457 |
| 201 | 511033,166 | 623659,999 |
| 202 | 511021,5429 | 623641,456 |
| 203 | 511014,943 | 623631,2308 |
| 204 | 511009,599 | 623620,271 |
| 205 | 511010,228 | 623612,51 |
| 206 | 511020,269 | 623609,089 |
| 207 | 511028,945 | 623609,682 |
| 208 | 511040,629 | 623603,957 |
| 209 | 511051,834 | 623599,828 |
| 210 | 511057,806 | 623608,31 |
| 211 | 511066,9 | 623617,26 |
| 212 | 511078,158 | 623624,674 |
| 213 | 511081,859 | 623626,909 |
| 214 | 511099,177 | 623641,162 |
| 215 | 511102,818 | 623642,754 |
| 216 | 511106,874 | 623645,573 |
| 217 | 511126,077 | 623635,724 |
| 218 | 511159,952 | 623624,905 |
| 219 | 511180,068 | 623619,049 |
| 220 | 511194,207 | 623616,032 |
| 221 | 511189,402 | 623612,637 |
| 222 | 511183,619 | 623610,182 |
| 223 | 511179,231 | 623608,394 |
| 224 | 511193,652 | 623594,247 |
| 225 | 511194,684 | 623593,26 |
| 226 | 511210,609 | 623579,83 |
| 227 | 511210,488 | 623567,972 |
| 228 | 511210,022 | 623561,959 |
| 229 | 511209,197 | 623549,77 |
| 230 | 511208,054 | 623538,745 |
| 231 | 511208,54 | 623525,882 |
| 232 | 511218,3782 | 623507,088 |

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 232 а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по x и y координати.

Член 7.

Со општиот акт се утврдуваат групите на класи на намени во рамките на планскиот опфат со име за секоја наменска зона поделно согласно член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М, бр. 63/12 , 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

Во рамките на планскиот опфат на село Требовље, Општина Македонски Брод се утврдени повеќе групи на класи на намена:

**А - Домување,**

А0 - домување во посебен режим
А1 - домување во станбени куќи (селски стопански дворови)
А3 - групно домување
А4 - времено сместување

**Б – Комерцијални и деловни намени**

Б1 – мали комерцијални и деловни намени
Б2 – големи трговски единици / трговски објекти, пазари, сервисни дејности
Б3 – големи угостителски единици
Б4 – деловни простори
Б5 – хотелски комплекси
Б6 – градби за собири

**В – Јавни институции**

В1 – образование и наука
В2 – здравство и социјална заштита
В3 – култура
В4 – државни институции
В5 – верски институции

**Д - Зеленило и рекреација,**

Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило
Д3 – Спорт и рекреација
Д4 – Меморијални простори

и површини наменети за сообраќајници.

| општина: Македонски Брод | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ТРЕБОВЉЕ | | | БИЛД Д.О.О.Е.Л. - Скопје | | |
| дата: октомври 2014 | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| ПЛАНИРАН РАЗВОЈ | п=204335 м2 | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| основна класа на намена | компатабилни класи на намена на основната класа на намена | површина на класа на намена | процент на застапеност на класа на намена | максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи н анамени во однос на основната класа на намена во планот | потребен број на паркинг места |
| А0 - домување во посебен прежим / А1 - домување во станбени куќи /селско остопански двор/ А3 - групно домување / А4 времено сместување | (Х) / Б1,В1,Д3,Б5 / Б1, Б2, В1, В2, В3, Д3 / Б1, Б3, В2, Д3 | 174162 м2 | 85,23% | 0% / 30% / 20% / 30% | Согласно член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14 ) |
| Б1 - мали комерцијални и деловни намерни / Б2 - големи трговски единици / Б3 - големи угостителски единици / Б4 - деловни простори / Б5 - хотелски комплекси / Б6 - градби за собири | А1, А3, Б4 / А2, А3, Б5, Б3, Б4, В3, В4 / А3, Б5, В4, В3, Д3 / Б5, Б1, Б2, Б3, В4, Д3 / Б1, Б2, Б3, Б4, Б6, В3, Д3 / Б5, Б1, Б2, Б3, Б4, В2, В3, В4, Д3 | 4976 м2 | 2,44% | 20% / 40% / 40% / 40%/ 40% / 40% | |
| В1 - образование и наука / В2 - здравство и социјална заштита / В3 - култура / В4 - државни институции / В5 - верски институции | А3, Б1, Б4, В3, Д3 / Б5, Б1, Д3 / Б5, Б1, Б2, Б4, В1, В4, Д3 / Б1, Б2, Б3, Б4, В3 / Б5, Б2, Б3, Б4, В3 | 8095 м2 | 3,96% | 20% / 20% / 49 % / 25-49% / 49% | |
| Д1 - парковско зеленило / Д2 - заштитно зеленило / Д3 - спорт и рекреација / Д4 - меморијални простори | Б1, Д3 / (Х) / А4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, Б6, В3, Д1 / В5 | 8700 м2 | 4,26% | 10%, 10% / 0% / 20%, 10%, 30%, 10%, 10%, 20%, 30%, 20%, 40% / 40% | |
| сообраќај | | 8402 м2 | 4,11% | | |
| **Вкупно:** | | **204335 м2** | 100,00% | | |

Заштитниот појас на водените површини ќе се дефинира дополнително со одлука на Совет на Општината.

Член 8.

Со Предлог – Одлуката за Општ акт за село Требовље се дефинирани сите постојни влезни и излезни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување,

Со Предлог – Одлуката за Општ акт за село Требовље се дефинира пристапот до градбите и начинот на решавање на стационарниот сообраќај, кој треба да е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 63/12 , 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

Влезни патни правеци до село Требовље се :локалниот пат с.Растеш -с.Требовље и локалниот пат с.Здуње -с.Требовље, кој се надоврзуваат на примарната и секундарната улична мрежа во селото.

Паркирањето на моторните возила се предвидува да се решава во склоп на градежните парцели во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (чл.59 и 61, Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не може да се утврдат услови за градба.

Член 9.

Утврдувањето на условите за градба на објектите во рамките на утврдените наменски зони во графичкиот приказ, се врши според конкретните услови на лице место, одредбите на оваа одлука, законот за просторно и урбанистичко планирање и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот закон.

Член 10.

Формирањето на градежната парцела, површината за градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициент на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

При формирањето на градежните парцели потребно е да се почитуваат имотно правните односи, односно една или повеќе катастарски парцели да преставуваат градежна парцела.

Површината за градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели, при што минималното растојание од површината за градење до границата на парцелата кон постоечката сообраќајница не треба да е помало од три (3) метри, согласно член 84-а од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.37/14).

Член 11

Со Предлог – Одлуката за Општ акт за село Требовље се дефинира просторната организација и условите за градење во селско стопански двор.

Во рамките на градежните парцели со класа на намена А1 (домување во станбени куќи – селско стопански дворови) освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско стопанскиот двор (штали, складишта, гаражи и сл.)

Член 12

Со Предлог – Одлуката за Општ акт за село Требовље се дефинира начинот на реализација на инфраструктурните водови и градби.

Постојната инфраструктурна мрежа (водовод, канализација и електрика) да овозможи да се приклучи на мрежата секој објект со основна група на класи на намена А- домување, Б – комерцијални и деловни намени, В – јавни институции, Д – зеленило и рекреација.

Проект за инфраструктура се изработува согласно член 51-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање, (Сл. Весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

Член 13

Општиот акт за село содржи табели со Билансни споредбени показатели во кои се прикажани планираните површини по намена на земјиштето – наменските зони, во однос на постојните изградени површини.

Член 14.

Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот од овој Општ Акт, мора да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.Македонија бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

Член 15.

Графичкиот прилог кој е составен дел на оваа Одлука, по нејзиното донесување, се заверува од Градоначалникот на општина Македонски Брод и се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот во електронски формат.

Член 16

Одредбите на оваа Одлука се применуваат до донесување на Урбанистички план за село.

Член 17.

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.- 18 – 915/3**

**27.11.2015 год.**

**Совет на Општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на О Д Л У К А ТА за утврдување на услови за начинот на градење во село Требовље, општина Македонски Брод за кое нема урбанистички план**

Се прогласува Одлуката за утврдување на услови за начинот на градење во село Требовље, општина Македонски Бродза за кое нема урбанистички план, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2015 година.

**Бр.18- 915 /11**
**04.12.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА

## За урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2016 година

Ноември- 2015 Македонски Брод

Врз основа на член 20 точка 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр.199/14 и 44/15) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод “ бр.02/03 ,Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.11.2015 година донесе:

# ПРОГРАМА

## ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2016 ГОДИНА

## ВОВЕД :

Со оваа Програма се уредува :

1.Урбанизација на територијата на општината Македонски Брод
2.Извори на финансирање на Програмата
3.Средства наменети за изработка на урбанистички планови
4.Динамика за извршување на програмата
5.Преодни и завршни одредби

### 1.УРБАНИЗАЦИЈА

Изготвувањето на урбанистичките планови има за цел да обезбеди услови за континуиран процес на планско насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот како во градот така и на целата територија на општината.

Исто така општините се должни урбанистичко-планската документација со која се врши вклопување на бесправно изградените објекти да ја донесат во рок од 5 години од донесувањто на законот за постапување со бесправно изградени објеки..

Со спроведување на горе споменатите поставки општината ќе обезбеди уредување и хуманизација на просторот како и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Како основни задачи од аспект на урбанистишкото планирање во 2016 година би требало да се реализираат следните активности,а целокупната постака се води преку електронскиот систем Е-урбанизам:

-Ревизија на постојниот Генерален урбанистички план за Македонски Брод

-Изработка на детални урбанистички планови за урбани единици каде досега нема донесено ДУП-ови во Македонски Брод.

-Изработка на Урбанистички планови за села.

-Изработка на урбанистички план за вон насело место.

-Изработка на архитектонско-урбанистички проекти.

-Изработка на Проекти за инфраструктура.

-Изработка на Општи акти за села, кои немаат урбанистичка документација на територијата на општината Македонски Брод

-Утврдување потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација (по барање на правни и физички лица).

-Изработка на ажурирани геодетски подлоги и геодетски услуги и

-Изработка на плански програми и добивање на Услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот

Во наредниот период како континуитет на досегашните активности од доменот на урбанистичкото планирање потребно е да се изработат:

## А.ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД

Потребно е да се изврши ревизија на Генералниот урбанистички план за Македонски Брод заради усогласување со новиот Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр.199/14 и 44/15)).Истото е потребно и заради усогласување со одредени барања и решавање на проблемите на правните и физичките лица, за намена на површини и сообраќајници согласно законската регулатива.Во исто време потребно е да се извршат одредени анализи за можно проширување на урбаниот опфат на градот.

## Б.ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД

-Измена и дополна на Деталниот урбанистички план (ДУП) „Блок-1“ за Македонски Брод

Исто така се планира да се изработат ДУП-ови и за делови од градот кои досега не биле опфатени со планска урбанистичка документација:

-Дел од Македонски Брод населба „Старо село“

-Дел од Македонски Брод населба „Под крај“(објекти лево од патот за резервоар)

## В.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА

Во нашата општина постои урбанистичка документација за неколку села, која сега треба да се усогласи со Законот за просторно и урбанистичко планирање, односно потребно е да се изврши ревидирање и донесување на ниво на урбанистички планови за села.Исто така потребно е ревидирање на постојните и донесување на нови урбанистички планови за села и тоа за:

-Урбанистички план за с.Брест
-Урбанистички план за с.Самоков
-Урбанистички план за с.Требовље
-Урбанистички план за с.Здуње
-Урбанистички план за с.Близанско
-Урбанистички план за с. Белица
-Урбанистички план за с.Требино
-Урбанистички план за с.Суви дол
- Урбанистички план за с.Црешнево
- Урбанистички план за с.Русјаци
-Урбанистички план за село Пласница(за КО Ижишта и КО Ореовец)

## Г.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

Урбанистички план за вон населено место, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, се донесува по потреба за плански опфат, за подрачје од рурален карактер.Со овој план се уредува намена и начин на користење на просторот, како и услови за градење на комплексни градби вон од градот и другите населени места.Бидејќи овие урбанистички планови се изработуваат врз основа на предходно издадени услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот и Министерството за животна стедина и просторно планирање и нивното донесување ќе биде согласно законските процедури , изработена и усвоена Планска програма. Се предвидува изработка на нови урбанистички планови и измени и дополување на постојните за следните локалитети:

- Урбанистички план за вон населено место Викенд зона нас.Близанско „Блок-1“и „Блок-2“ КО Близанско,

- Урбанистички план за вон населено место Викенд зона Долна Брезница „Блок-1“ и „Блок-2“ КО Брезница,

- Урбанистички план за вон населено место Викенд зона Долна Белица КО Белица,

- Урбанистички план за вон населено место Викенд зона Тажево „Блок-1“ и „Блок-2“ КО Тажево,

-Урбанистички план за вон населено место м.в.„Пешна“ КО Локвица

-Урбанистички план вон населено место индустриска зона во Македонски Брод КО Македонски Брод.

**-ИЗРАБОТКА НА ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛА**

Врз основа на член 84, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр.199/14 и 44/15) до донесување на план за село,изградбата на селата кои немаат урбанистичка документација,може да се врши под услови и на начин што со општ акт ќе ги утврди општината.Општиот акт се донесува по предходна согласност на Министерството за транспорт и врски –Сектор за уредување на просторот Скопје.

Општите акти содржат задолжително текстуален дел –Предлог одлука, најмалку еден графички прилог и нумерички дел.

Предлог-Одлуката и графичкиот дел ги изработува правно лице кое поседува лиценца согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Градоначалникот на општината формира комисија за одобрување на Предлог-Одлуката составена од најмалки три члена и тоа:Лице од општинската администрација одговорно за урбанистичко планирање и две стручни лица од областа на урбанистичкото планирање, од кои еден архитект со овластување за изработка на урбанистички планови.

Одобрената Предлог-Одлука ,нумеричкиот дел и градфиччкиот прилог се доставуваат до Министерството за транспорт и врски –Сектор за уредување на просторот ,со барање за издавање на согласност.

Министерството за транспорт и врски ја издава бараната согласност односно го одбива барањето за нејзино издавање во рок од 15 работни дена од приемот.

По издавање на Согласноста од страна на Министерството за транспорт и врски Оприот акт го донесува Советот на општината.

Општиот акт задолжително содржи еден графички прилог во размер 1:2500,со дефинирана граница на опфатот на селото,граници на зони според намената на земјиштето и дефиниција на наменската употреба на тие површини,основни влезни и излезни постојни правци во селото и означени траси за истите.

Изготвувањето на Општите акти имаат за цел да обезбедат услови за континуиран процес на планско насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот, хуманизација на просторот како и заштита и унапредување на животната средина и природата во селата на целата територија на општината Македонски Брод.

Исто така општините се должни урбанистичко-планската документација со која се врши вклопување на бесправно изградените објекти да ја донесат во рок од 5 години од донесувањто на Законот за постапување со бесправно изградени објеки..

Како основни задачи од аспект за изработка на Општи акти за села, кои немаат урбанистичка документација на територијата на општината Македонски Брод во наредниот период би требало да се реализираат следните активности- изработка на Општи акти :

- Општ акт за с.Ореовец,
- Општ акт за с.Русјаци,
- Општ акт за с.Латово,
- Општ акт за с.Требино,
- Општ акт за с.Сланско,
- Општ акт за с.Дреново,
- Општ акт за с.Крапа,
- Општ акт за с.Локвица,
- Општ акт за с.Суви дол

- Општ акт за с.Девич,
- Општ акт за с.Грешница,
- Општ акт за с.Слатина,
- Општ акт за с.Горно Крушје,
- Општ акт за с.Долно Крушје,
- Општ акт за с.Вир,
- Општ акт за с.Модриште,
- Општ акт за с.Долни Манастирец,
- Општ акт за с.Горни Манастирец,
- Општ акт за с.Тополница,
- Општ акт за с.Томино село,
- Општ акт за с.Сушица,
- Општ акт за с.Калуѓерец,
- Општ акт за с.Могилец,
- Општ акт за с.Црешнево,
- Општ акт за с.Белица,
- Општ акт за с.Брезница,
- Општ акт за с.Рамне,
- Општ акт за с.Зркле,
- Општ акт за с Долно Зркле,
- Општ акт за с.Ковче,
- Општ акт за с.Инче,
- Општ акт за с.Лупште,
- Општ акт за с.Ковач,
- Општ акт за с.Бенче,
- Општ акт за с.Брест,
- Општ акт за с.Косово,
- Општ акт за с.Звечан,
- Општ акт за с.Растеш,
- Општ акт за с.Заград,
- Општ акт за с.Волче,
- Општ акт за с.Битово,
- Општ акт за с.Долно Ботушје и
- Општ акт за с.Горно Ботушје
- Општ акт за с.Лаг

**Д.ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

По барање на правни и физички лица Советот на општината Македонски Брод ќе утврдува потреба од донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти вон населени места согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и ќе се донесуваат посебни Одлуки.

**2.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на општина Македонски Брод за 2016 год. се финансира од:

-Буџетот на општината Македонски Брод за 2016 година,

-Од правни и физички лица чии што барања ќе се вградат во оваа Програма и -

-Од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

## 3.СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Општина Македонски Брод ја финансира Програмата за изработката на урбанистишки планови со средства што ќе се предвидат во Буџетот за 2015 година во износ од 1.800.000,00 денари.

## 4.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од приливот на средства:

- Од надоместок за уредување на градежно земјиште,

-Средства наплатени согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти и

-Средства од правни и физички лица.

## 5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на програмата ја врши Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Програмата може да се дополнува и изменува во текот на годината доколку има потреба.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 915 /4**
**27.11.2015 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
. **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на ПРОГРАМА за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2016 година**

Се прогласува ПРОГРАМА за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2015 година.

**Бр.18- 915 /11**
**04.12.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 ноември 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ на Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Македонски Брод за 2016 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Македонски Брод за 2016 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18- 915 / 5**

**27.11.2015 година**

**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**

**Претседател,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање од м.з село Звечан бр.18-382 од 12.11.2015година Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК комисијата за урбанизам и заштита на животна средина во најкус можен рок да излезе на терен ја утврди фактичката состојба со водоводот во маало Грубановци во село Звечан и поднесе извештај до Советот на општина Македонски Брод за понатамошна постапка и превземање на содветни мерки.

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 915 / 6**
**27.11.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр./2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 ноември 2015 година,донесе

## О Д Л У К А

**За давање на согласност на Одлуката на Управниот Одбор од ЈКП„Комунална хигиена„ -М.Брод бр.02- 35/5 од 25.11.2015 година за користење на услуги од вработени во ЈП„Водовод и канализација„–Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП "Комунална хигиена" Македонски Брод бр.02-35/5 од 27.11.2015 година за користење на услуги од вработените на ЈП„Водовод и канализација„-Македонски Брод.

**Член 2**

Се задолжува ЈКП "Комунална хигиена" Македонски Брод да ја применува одлуката на Управниот одбор со бр.02-35/5 од 27.11.2015 година за користење на услуги од вработени во ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник„ на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 915 / 7**
**27.11. 2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката на Управниот Одбор од ЈКП„Комунална хигиена„ -М.Брод бр.02- 35/5 од 25.11.2015 година за користење на услуги од вработени во ЈП„Водовод и канализација„–Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Одлуката на Управниот Одбор од ЈКП,,Комунална хигиена,, -М.Брод бр.02-35/5 од 25.11.2015 година за користење на услуги од вработени во ЈП,,Водовод и канализација,,-Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2015 година.

**Бр.18- 915 /11**
**04.12.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр. 02/03), по доставено барање од м.з село Бенче бр.18-909/1 од 19.11.2015година Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2015 година донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК општината Македонски Брод да обезбеди тампон за критичните места на патот Самоков Бенче за тампонирање на еден километар од патот, додека работната рака да биде на терет на ЈП Македонски шуми – ПЕ Јане Сандански- Македонски Брод. Со заклучокот да се запознае ПЕ Јане Сандански- Македонски Брод и во најкус можен рок да излезе на терен и превзеде активности по однос на овој заклучок и писмено го извести Советот  на Општина Македонски Брод.

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 915 / 8**
**27.11.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**Службен гласник бр. 11 од 04.12.2015 година на Совет на Општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А


Одлука за утврдување на услови за начинот на градење во село Требовље, општина Македонски Брод за кое нема урбанистички план ..........................................................стр.2

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на услови за начинот на градење во село Требовље, општина Македонски Брод за кое нема урбанистички план ……………...........................................................................................................стр.10

Програма за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2016 година ......................................................................…....................стр.11

Заклучок за прогласување на Програма за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2016 година ............................................................стр.17

Заклучок за усвојување на  на Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Македонски Брод за 2016 година ...............стр.18

Заклучок по барање од М.З. село Звечан ..........................................................стр.19

Одлука за давање на согласност на Одлуката на Управниот Одбор  од ЈКП ,,Комунална хигиена,, -М.Брод бр.02 - 35/5 од 25.11.2015 година за користење на услуги од вработени во ЈП,,Водовод и канализација,,–Македонски Брод .................................стр.20

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на Управниот Одбор од ЈКП ,,Комунална хигиена,, -М.Брод бр.02- 35/5 од 25.11.2015 година за користење на услугивработени во ЈП ,,Водовод и канализација,,–Македонски Брод ...........................................................................................................................стр.21

Заклучок по барање на М.З. село с.Бенче ..........................................................стр.22